Друштво за управување со отпад **ЕЛКОЛЕКТ** ДОО Скопје
ул. Прашка бр. 11-1/9, Скопје
Тел. +389 71 240 809; +389 75 372 724
e-mail: elkolekt@gmail.com; info@elkolekt.mk

**Предмет:** **НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ИЛИ ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ, СКЛАДИРАЊЕ И/ИЛИ ПРЕРАБОТКА НА ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА**

За потребите на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје, се поканувааt правни и физички лица да доставаат понуда за собирање, транспорт, складирање, рециклирање и преработка на следните видови отпадна електрична и електронска опрема по тон на отпадна опрема и тоа:

- Категорија 1 – Опрема за температурна размена
- Категорија 2 – Екрани и монитори и опрема која содржи екрани и монитори со површина поголема од 100 $cm^2$
- Категорија 3 – Светилки
- Категорија 4 – Голема опрема
- Категорија 5 – Мала опрема
- Категорија 6 – Мала ИКТ опрема

Секоја пратка на отпадна опрема треба да биде проследена со соодветна документација (идентификационен и транспортен формулар како и извозна декларација) доставена до ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје по пошта најдоцна 15 ден во тековниот месец за количини собрани во претходниот месец.

ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје ќе склучи договор само со правни или физички лица кои поседуваат соодветна и важечка дозвола издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за транспорт, складирање, третман и/или преработка на отпадна електрична и електронска опрема која понудувачот треба да ја достави во прилог на понудата.

Понудата како и документацијата за собраните количини отпадна електрична и електронска опрема треба да се доставаат на следната адреса: ул. Прашка бр. 11-1/9, 1000 Скопје.

Скопје, 14.07.2022